Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.02-431 од 25.11.2021 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-4533/6 од 22.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 22.12.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, и тоа:

- за истапување на правното лице Друштво за трговија и услуги ПРЕМИУМ АГС ДОО увоз-извоз Скопје, со ЕМБС [redacted] и адреса на ул. „[redacted]" бр. [redacted], [redacted], [redacted] и

- за пристапување на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ФИЛА ГРУПА ДОО Скопје, со ЕМБС [redacted] и адреса на ул. „[redacted]" бр. [redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија" бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-431 од 25.11.2021 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

Од доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-431 од 25.11.2021 г.) од страна на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура. По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје ќе биде правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ФИЛА ГРУПА ДОО Скопје, со ЕМБС [redacted] и адреса на ул. „[redacted]" бр. [redacted], [redacted], [redacted].

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-431 од 25.11.2021 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Бр.02-431**
**22.12.2021 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.